Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Средно електротехничко училиште на Град Скопје
Shkolla e mesme elektroteknike e Qytetit të Shkupit
МИХАЈЛО ПУПИН - MIHAJLO PUPIN
Бр.Nr. 02-282/7
26.06 2024 год.viti
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 42 од Законот за средното образование, донесениот Предлог план за упис на ученици во прва година во учебна 2024/2025 на Наставнички совет од 26.06.2024 година и Конкурсот на запишување на ученици на МОН објавен на 29.03.2024 година, Директорот на СЕТУ на Град Скопје "Михајло Пупин" Скопје, ја донесе следната:

**Интерен оглас**

**за запишување на ученици во I година во учебна 2024/ 2025 година- Второ пријавување**

Во прва година во учебната **2024/2025** година ќе се запишат вкупно 406 ученици во 13 паралелки (338 ученици во 11 паралелки со настава на македонски јазик и 34 ученици во 1 паралелка со настава на албански јазик и 34 ученици во една паралелка на турски јазик), а според наставни планови и програми за образовен профил:

| Образовен профил | Години на траење | Бр. на паралелки | Бр.на ученици | Мин.поени | Наставен јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Електротехничар за компјутерска техника и автоматика** | **четиригодишно** | 2 | 37 | 55 | **македонски** |
| | | 1 | 34 | | **албански** |
| | | 1 | 34 | | **турски** |
| **Електротехничар.за електроника и телекомуникации** | **четиригодишно** | 1 | 34 | 50 | **македонски** |
| **Електротехничар енергетичар** | **четиригодишно** | 1 | 18 | 45 | **македонски** |
| **Електричар - електромонтер на електроенергетски мрежи** | **тригодишно** | 2 | 32 | 30 | **македонски** |
| **Електромеханичар** | **тригодишно** | 1 | 34 | 30 | **македонски** |

**Вкупно:** 9 223

**УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

- Учениците да имаат завршено основно образование
- Да не се постари од 17 години
- Да се определиле според наставни планови и програми за образовен профил

**ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ**

- Пријава за запишување (бесплатна, ученикот ја подига во училиштето)
- Оргинални свидетелства од VI - IX одделение
- Дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III )места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од знчење за струката, односно изборното подрачје - физика и математика

- Оргинал извод од матична книга на родени (без оглед на датум на издавање)

**КОНКУРСНИ РОКОВИ:**

**Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши јунски уписен рок :**

**- Второто електронско пријавување** на учениците ќе се врши на 01 јули и 02 јули 2024 година до 15:00 часот. - Доставувањето на потребната документација до училиштата е на 01 јули 2024 година од 07.00 до 17.00 часот и на 02 јули од 07.00 часот до 15.00 часот. - Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето и слободните места, секое училиште ја објавува на 03 јули 2024 година, најдоцна до 09.00 часот, на јавно место во училиштето и/или на училишната интернет страница. - Квалификациско тестирање ќе се организира во училиштата за средно образование на 5 јули 2024 година, а конечните ранг листи со резултатите ќе се објават на 5 јули 2024 година, на јавно место во училиштето.

Учениците кои се упатени на поправни испити, испит на година, испити за побрзо напредување, може да се запишат во училиштата во кои има слободни места после уписниот рок со две пријавувања.
Пријавување на учениците ќе се врши на 21 август 2024 година од 00.00 часот до 15.00 часот електронски. - Доставувањето на потребената документација до училиштата е на 21 август од 07.00 часот до 17.00 часот. - Конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, секое училиште ја објавува на 22 август 2024 година, најдоцна до 12.00 часот.

**КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ**

- Среден успех на ученикот од VI-IX одделение
- Среден успех на ученикот постигнат по четири предмети (мајчин јазик, странски јазик, математика и физика)
- Дипломи, (доколку имаат) од освоени (I, II и III )места од меѓународни и државни натпревари од мајчин јазик, странски јазик, природни науки, математика, хемија, физика, биологија и географија и наставни предмети што се од знчење за струката, односно изборното подрачје - физика и математика
- Средна вредност од поени добиени од поведение

За средниот успех од VI-IX одделение може да се добие најмногу 50 поени (Општиот успех од VI.VII,VIII и IX одделение се собира, се дели со 4 и добиениот резултат се множи со коефициент 10).

За средниот успех од четирите наставни предмети ученикот може да добие најмногу 20 поени ( 5 поени за секој предмет)

За освоено место од меѓународни и државни натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. ( За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени, за освоено место од државни натпревари: 3 поени за I место, 2 поени за II место и 1 поен за III место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средната вредност од поените за поведение од VI - IX одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение се вреднува со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделено со 4).

Ученикот по сите критериуми утврден со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.

**РОК ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ НА НЕЗАПИШАНИ УЧЕНИЦИ**

- По објавување на конечната ранг листа со резултатите од запишувањето, учениците кои не се запишани во училиштето, задолжително ја подигнуваат целокупната доставена документација поднесена во училиштето во рок од 24 часа, а училиштата имаат обврска да ја вратат целокупната документација на учениците во рок од 24 часа.
- Документите на непримените ученици може да се подигнат веднаш

<u>**ИЗВЕСТУВАЊЕ**</u>

Пријавувањето на учениците ќе се врши преку електронско аплицирање, преку линк до порталот за електронски услуги на Министерството за образование и наука https://e-uslugi.mon.gov.mk со 53 специјална најава за средношколци преку сопствените кориснички сметки на Schools.mk.

**Претседател на**
**Училишна комисија за упис**
**Димитар Ѓорѓиев**